**ТД МАКОШПЕД АД**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 22, 24, 25, 25-а и 26 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје и член 384 и 387 од Законот за трговски друштва, Одборот на директори на ТД МАКОШПЕД АД Скопје објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

***за свикување на Годишно Собрание на акционери на Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет Макошпед АД Скопје за 2022 година***

Се свикува седница на годишно собрание на акционери на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје за деловната 2022 година.

Седницата на годишното собрание на акционери се закажува за ден 11.05.2023 година (Четврток) во 12.00 часот, по пат на јавен повик, и ќе се одржи во седиштето на друштвото во Скопје на ул.Македонија бр.19.

За работа на седницата на годишното собрание на акционери се предлага следниот :

## ДНЕВЕН РЕД НА ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ ЗА 2022 година

## ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

**1.** Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници;
**2.** Избор на претседавач на Собранието;
**3.** Согласно член 35 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје, записникот ќе го води нотар;
**4.** Усвојување на дневен ред по кој ќе работи собранието.

## РАБОТЕН ДЕЛ

**1.** Разгледување и усвојување на годишна сметка, финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор со мислење и годишен извештај за работа на друштвото;

- Предлог - одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со мислење и годишниот извештај за работа на друштвото во деловната 2022 година;

**2.** Донесување одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2022 год ;

- Предлог одлука за распределба на добивката;

**3.**Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и

консолидираните финансиски извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор со мислење и консолидиран годишен извештај за работење.

- Предлог-одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор со мислење и консолидиран годишен извештај за работење;

**4.** Разгледување и усвојување на извештајот поднесен од неизвршните членови на одборот на директори за резултатите од контролата на работењето на друштвото во 2022 година;

- Предлог - одлука за усвојување на извештајот за резултатите од контролата на работењето на друштвото за 2022 година на неизвршните членови на одборот на директори ;
- Предлог - одлука за усвојување на работата на членовите на одбор на директори ;

**5.** Измена на статутот на друштвото ТД МАКОШПЕД АД Скопје;

- Предлог -одлука за измена на Статутот на ТД МАКОШПЕД АД Скопје;

**6**. Донесување одлука за продажба на недвижен имот;

- Предлог-одлука за продажба на недвижен имот;

**7.** Разгледување и усвојување на годишен извештај на Службата за внатрешна ревизија на ТД МАКОШПЕД АД Скопје;

- Предлог - одлука за усвојување на годишен извештај на службата за внатрешна ревизија за 2022 година;

**8.** Назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје за 2023 година;

- Предлог - одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и финансиски извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје за 2023 год;

Од вкупниот број 788.424 акции во ТД МАКОШПЕД АД Скопје на денот на објавата на јавниот повик вкупниот број акции и вкупниот број гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас се 709.584 акции.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Годишното собрание.

Секој акционер кој има намера да учествува на Годишното собрание на Друштвото е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Годишно собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Годишно собрание.

Пријавите да се доставаат до ТД МАКОШПЕД АД Скопје – Одбор на директори на Друштвото, или по електронски пат на info@makosped.com.mk

На Годишното собрание ќе се одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, во согласност со Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин во согласност со Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен или електронски пат.

За полномошник на Годишното собрание на акционери може да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интереси, само под услов ако тие претходно им обелоделениле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Годишното собрание на акционери за која им важи полномошното.

Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната веб-страна на Друштвото www.makosped.com.mk

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва полномошникот задолжително треба да ја извести Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање полномошно/на од повеќе акционери во рок од пет работни дена пред одржување на Годишното Собрание на акционери.

Акционерите можат да гласаат по точките од дневен ред и предложените одлуки по материјалите објавени заедно со повикот, со пополнување на образец за гласање со коресподенција, кој е објавен на официјалната интернет страна на друштвото www.makosped.com.mk.

Уредно пополнетиот образец за гласање со коресподенција, акционерот треба да го достави во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме на законскиот застапник на акционерот правно лице.

Заедно со пополнетиот образец за гласање со коресподенција, заради потребите на идентификација, секој акционер физичко лице е потребно да се достави и копија од документ за идентификација (лична карта/патна исправа).

Заедно со пополнетиот образец за гласање со коресподенција, заради потребите на идентификација, секој акционер правно лице е потребно да се достави и копија од важечка тековна состојба за правното лице акционер и копија од документ за идентификација (лична карта/патна исправа) на законскиот застапник на правното лице.

Образецот во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, со назнака „За Собрание на акционери“ мора да бидат примени

во седиштето на друштвото  на ул.Македонија бр.19, 1000 Скопје најдоцна до 10.05.2023 година до 15 часот.

Во согласност со Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки најдоцна 8 (осум) дена од објавата на овој Повик во дневен весник, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната веб-страница на Друштвото www.makosped.com.mk.

Секој акционер има право да поставува прашања за секоја од точките на дневниот ред на седницата на Годишното собрание на акционери. Одговор на поставените прашања се дава на  седницата или преку веб-страницата на Друштвото.

Материјалите за Годишното собрание на акционери и дополнителни информации во  согласност со Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во седиштето на Друштвото на ул. Македонија. бр.19 Скопје од 09.00 до 15.00 часот, и на веб-страницата на Друштвото **www.makosped.com.mk**

**ТД МАКОШПЕД АД СКОПЈЕ**